Nikola Tupancheski
Digitally signed by Nikola Tupancheski
Date: 2022.02.25 07:50:53 +01'00'

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
Сектор за општи работи

Бр. 05-699/1
Скопје 24-02-2022 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Годишен план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и измената на Годишен план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година, **министерот за правда д-р Никола Тупанчески** ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за групна јавна набавка на услуги за интернет за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија

1. Се утврдува потреба за доделување на договор за групна јавна набавка на услуги со предмет:
   - Набавка на услуги за интернет за потребите на Министерството за правда и подрачните одделенија, за период од една година.

Предметот на набавка ќе се спроведе согласно склучениот Договор за извршување на групна набавка бр. 05-1985/1 од 21.03.2018 година – Министерство за правда, (Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права бр. 0308-120/1 од 22.03.2018 година и Министерство за правда – Управа за извршување на санкции бр. 03-505/1 од 22.03.2018 година.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа Одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 2.000.000 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 360.000,00 денари или вкупно со ДДВ износ од 2.360.000,00 денари.

Начинот на поделба на трошоците е уреден во член 5 од Спогодбата склучена помеѓу договорните страни заведена под наш број 03-1985/1 од 21.03.2018 година, заведена со број 03-505/1 од 22.03.2018 год. на Управата за извршување на санкциите, и заведена со број 0308-120/1 од 22.03.2018г на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, односно начинот на плаќање е уреден такашто од вкупната вредност на фактурата за интернет услуга за објектот на Министерството за правда на ул „ Димитрие Чуповски бр. 9 – Скопје, 77% од износот на фактурата го плаќа Министерството за правда, 3% од износот на фактурата паѓа на товар на Бирото за застапување на Република Северна


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Македонија пред Европскиот суд за човекови права и 20% од износот на фактурата ќе бидат подмирени од страна Управата за извршување на санкции.

3. Договорот за јавна набавка да се додели со спроведување на поедноставена отворена постапка согласно член 49 од Законот за јавните набавки.

4. Постапката да заврши **без спроведување на електронска аукција** како последна фаза во поедноставенатаа отворена постапка.

5. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на **најниска цена** понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.

7. За целосна реализација на постапката на доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:

- Претседател: Ацо Живковски
- Член: Мартина Ѓорѓиевски, Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите
- Член: Сања Давиткова, Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и

- Заменик Претседател: Михајло Војтикив
- Член: Драган Нешковски, Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите
- Заменик Член: Уфук Клинче – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавна набавка.
10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**д-р Никола Тупанчески**

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

Подготвила: м- р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification